# Утре во продажба нов и последен бран на билети за Златна бубамара

јануари 30, 2018



Организаторот на манифестацијата „Златна бубамара на популарноста“ со добра вест за сите оние кои сакаат да бидат дел од истата.




-Почитувани пријатели на добрата забава и чистиот воздух, за сите оние кои не успеаа или не беа информирани за продажбата на билетите Златна БубаМара на популарноста 2018, ве известуваме дека во среда на 31.јануари 2018 година во он лајн продажба преку mktickets.mk во

точно 12:33 минути ќе се пушти во продажба последниот контингент билети, а во исто време ќе биде отворена и продажбата и во Југотон ГТЦ каде ќе бидат оставени билети за сите традиционални купувачи, информираат од Буба Мара.

